# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА БУДЕЊЕ 2023 СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

## СОДРЖИНА:


НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА БУДЕЊЕ 2023 СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА ........ 1

ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО ........ 2

АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА ........ 3

АКТИВНОСТИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ........ 3

ПРОЕКТНИ И ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ ........ 6

ТЕКОВНИ И ИДНИ АКТИВНОСТИ ........ 10


Скопје, март 2025 година

БУДЕЊЕ 2023

## ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО

*Здружението на граѓани за унапредување на квалитетот на животот* ***БУДЕЊЕ 2023*** *од* ***Скопје*** е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој во на територијата на Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

**БУДЕЊЕ 2023 Скопје** е основано со **визија** за унапредување на општеството, преку спроведување на активности за подигање на свеста на сите граѓани, преку укажување на можностите за создавање на поквалитетен живот, изразување на својата автентичност и реализација на сопствените потенцијали, прифаќање на различностите и однесување согласно вистински морални вредности.

**Мисијата** на здружението е создавање на позитивни промени во општеството и подобрување на животот на сите граѓани, со посебен акцент на маргинализираните групи. Здружението ќе пружи поддршка за прилагодување кон општествените промени, успешно вклучување на пазарот на трудот и зголемување на квалитетот на живеењето во сите сфери.

**Основни цели и задачи** на Здружението се:

1) Насочување и поддршка на младите и возрасни лица за стекнување на практични вештини за ефикасно вклучување на пазарот на трудот;
2) Насочување кон и поддршка за претприемнички активности;
3) Обезбедување на неопходно дигитално образование за маргинализираните групи;
4) Намалување на родовата нееднаквост во општествените структури и на пазарот на трудот;
5) Поттикнување и поддршка на жените и другите маргинализирани групи за активно вклучување во јавниот живот;

6) Промовирање на етичко однесување и борба против сите форми на нарушување на човечките права и слободи;

7) Истражувачки активности за согледување на актуелните состојби за прашањата од интерес на здружението;

8) Здружување со други национални, регионални и меѓународни организации со сличен домен на дејствување и користење на нивните искуства за зголемување на ефикасноста во остварувањето на целите на здружението;

9) Психолошка и морална поддршка меѓу членовите на здружението за различни животни проблеми и предизвици.

## АКТИВНОСТИ ВО 2024 ГОДИНА

Активностите на *Здружението на граѓани за унапредување на квалитетот на животот* ***БУДЕЊЕ 2023*** *од* ***Скопје*** за 2024 година може да ги поделиме на: *активности за градење капацитети* и *проектни и останати активности*. Со оглед на тоа што Здружението е основано на крајот на 2023 година, 2024 е прва година од нашето постоење, па активностите за градење капацитети беа доминантни активности оваа година.

### АКТИВНОСТИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

#### *Развој на капацитетите на видливост и комуникација и односи со јавноста*

Ја изработивме и поставивме нашата веб-страница: https://awakening2023.org.mk/

Веб страницата вклучува презентација на нашето здружение на македонски и англиски јазик и информации за нашите активности.

Преку веб-страницата креиравме и e-mail адреси, со кои ќе остваруваме професионална комуникација.

БУДЕЊЕ 2023




Поставивме и страници на социјалните мрежи: Facebook и Instagram.

https://www.facebook.com/profile.php?id=61554907805995

https://www.instagram.com/awakening2023.org.mk/

Се информиравме за постапката за спроведување на изјава за печат, за промоција на општествено корисните активности, кои ќе ги спроведуваме.

### *Развој на капацитетите за вмрежување*

Се зачленивме на повеќе портали за пронаоѓање на партнери.

Најзначајни меѓународни вмрежувања остваривме преку порталот EPALE и порталот SALTO-YOUTH:

БУДЕЊЕ 2023

epale.ec.europa.eu/en/organisations/awakening-2023

European Commission

EN English Notifications

EPALE – Electronic Platform for Adult Learning in Europe

Home Contribute Collaborate Learn MyCommunity About

# AWAKENING 2023

БУДЕЊЕ 2023

The association of citizens AWAKENING 2023 is a newly formed association with a mission to create positive changes in society and improve the lives of all citizens, with a special emphasis on marginalized groups. The association realizes its mission through activities in the field of adult education, entrepreneurship, gender equality, ethical behavior and human rights and freedoms.

salto-youth.net/tools/otlas-partner-finding/organisation/awakening-2023-skopje.23855/

logged in as vmicajkova@awakening2023.org.mk,

SALTO

About SALTO — Why? What? Where? When? Who?

Resource Centres — Our activities and resources for you

Tools — For European youth work and training

MySALTO — Login to your persona SALTO dashboard

Otlas The Partner-Finding Tool

Start | Find projects | Find organisations | Manage your profile

# AWAKENING 2023 Skopje

The association of citizens AWAKENING 2023 is a newly formed association with a mission to create positive changes in society and improve the lives of all citizens, with a special emphasis on marginalized groups. The association realizes its mission through activities in the field of adult education, entrepreneurship, gender equality, ethical behavior and human rights and freedoms.

AWAKENING 2023 Skopje has **1 current** projects:

Empowerment of rural girls and

AWAKENING 2023 Skopje

Contact person: Vesna Micajkova

E-mail: vmicajkova@awakening2023.org.mk

E-mail: vmicajkova@awakening2023.org.mk

AWAKENING 2023 Skopje is

a **Non-profit/Non-Governmental Organisatior**

based in **Republic of North Macedonia (Skopje**

focused on

- Anti-discrimination
- Entrepreneurship
- Gender equality
- Human rights
- Innovation

### *Развој на капацитетите за генерирање фондови*

Како новоформирана организација, основен предизвик со кој се соочивме беше обезбедување финансиски средства за работа. Бидејќи нашите планови опфаќаа спроведување активности, кои се поддржани од ЕУ, сакаме дел од финансиските средства да ги обезбедиме од ЕУ фондови.

За таа цел беше потребно да се запознаеме со принципите на финансирањето од ЕУ, можните извори за финансирање, да стекнеме знаења и вештини за вмрежување и изградба на партнерства, како и вештините и компетенциите потребни за трансформирање на нашите идеи во конкретен производ и услуга со финансиска помош од ЕУ фондовите.

Посета на обуката на двајца претставници од нашата организација, финансирана од ЕРАСМУС+ програмата, ни овозможи унапредување на човечкиот капитал и капацитетот на нашата организација за обезбедување финансирање од извори на ЕУ.

### *Развој на интерни процедури и политики*

Изработивме и усвоивме:

1. ПРАВИЛНИК И ПРОЦЕДУРИ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ на Здружение на граѓани за унапредување на квалитетот на животот БУДЕЊЕ 2023 Скопје; и
2. ПРИРАЧНИК ЗА РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ на Здружение на граѓани за унапредување на квалитетот на животот БУДЕЊЕ 2023 Скопје.

## ПРОЕКТНИ И ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

*Здружението на граѓани за унапредување на квалитетот на животот* ***БУДЕЊЕ 2023*** *од* ***Скопје*** во 2024 година самостојно подготви и поднесе две проектни апликации:

1) **Обука на кадар за обезбедување на финансирање од ЕУ** – проект поднесен во рамките на ЕРАСМУС К1 акцијата;
2) **Empowerment of rural girls and young women** – проект поднесен во рамките на YACO (*The Youth Actively Create Opportunities Activity)* акцијата на USAID.

Проектот ***Обука на кадар за обезбедување на финансирање од ЕУ*** ни беше одобрен. Проектот е сѐ уште во тек и ќе трае се до крајот на 2025 година.

Основната активност во склопот на овој проект беше посета на курс за пристап до ЕУ фондови, со цел подобрување на човечките капацитети на организацијата за обезбедување на финансирање од извори на ЕУ. Курсот го посетија двајца од основачите на организацијата.



БУДЕЊЕ
2023







За вториот проект ***Empowerment of rural girls and young women*** не добивме одговор од процесот на евалуација, бидејќи американската администрација ги повлече средствата за финансирање на целата акција.

Во текот на годината го формирање и Клубот за претприемачи, во склопот на кој спроведуваме **курс за претприемништво**, кој ќе им помогне на членовите да го постават и менаџираат својот бизнис. Имајќи го предвид практичното искуство што членовите на нашиот тим го имаат во полето на претприемништвото, мислиме дека направивме иновативна образовна програма, која покрива некои прашања од областа на претприемништвото, кои не се покриени од останатите тренинзи од овој вид. Наместо ставање на фокус на лидерството и развој на бизнис идеја, ние ги учиме потенцијалните претприемачи за конкретните чекори кои треба да ги направат за да основаат бизнис и конкретните обврски кои мора да ги подмират при основањето и водењето на бизнис. Свесни сме дека многу луѓе имаат бизнис идеи, но незнаењето за тоа како да основаат бизнис, средствата што им се потребни и што ги очекува, ги спречува да станат претприемачи. Преку курсот за претприемачи ние сме тука да им помогнеме, да им укажеме на сето она што сметаме дека е битно да го знаат и да одговориме на сите прашања што ги мачат. Претприемништвото е за лица од различни профили, но секој кој е сопственик на бизнис мора да има основни знаења за финансиската структура на работењето. Ние, преку курсот за претприемачи, се обидуваме да ја презентираме финансиската структура на бизнисот на едноставен начин, разбирлив за сите образовни профили. Свесни сме дека отворањето на фирмата е првиот чекор, но младите претприемачи имаат потреба и од поддршка при разработка на бизнис. Преку Клуб за претприемачи ние им ја пружаме таа поддршка. Жените, како маргинализирана група, имаат привилегии и поволности при членството во нашиот Клуб за претприемачи.

Многу сме среќни поради позитивните впечатоци на учесниците на семинарот за претприемачи:

*"Семинарот за претприемачи кој го посетив е од суштинско значење за секој поединец кој сака да влезе во 'претприемачки води'. Ги дава најбитните информации поврзани со законите, правата и обврските кој еден претприемач го очекуваат во деновите кои следат откога истиот ќе регистрира правен субјект.*

*Овие информации не можат да се слушнат вака концизно и едноставно презентирани на ниедна друга обука или конференција за бизнис и претприемништво, затоа што фокусот на сите останати е на развој на бизнис идеи, бизнис планови и слично. Дури ни вашите ангажирани правници, адвокати или сметководители не се должни да ви ги пренесат овие насоки и знаења, така што топло го препорачувам овој семинар кој и за мене беше од голема важност и корист.*

*- Весна Трајковска, бренд и маркетинг АГЕНЦИЈА ДАРКХАНИ Скопје "*

## ТЕКОВНИ И ИДНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2024 година, започнавме процес на вмрежување со странски партнери за соработка на проект во склопот на ЕРАСМУС програмата за поддршка на младите. Воспоставивме контакти со 70-тина организации од следните земји: Шпанија, Турција, Португалија, Украина, Белгија, Грција, Унгарија, Италија, Ирска, Чешка, Словенија, Бугарија, Хрватска, Полска, Романија, Египет, Естонија, Кипар, Јордан, Србија, Германија и Данска. Со три од тие организации планираме да аплицираме за ЕРАСМУС проект за соработка по објавениот повик за 2025 година.

Во текот на 2025 година продолжуваме со проектот **Обука на кадар за обезбедување на финансирање од ЕУ**, кој ќе трае до крај на годината.